РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен просветен инспекторат

Број: 0901/11-9/1
08.02.2024 година

## ООМУ„Ристо Јуруков“ Кочани

| | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 30-31.10.2023 година |
| **Број на извештај:** | 07/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Сузана Секуловска |
| **Вид на училиштето:** | Основно музичко училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина Кочани |
| **Наставен јазик:** | Македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 167 |
| **Полова структура на ученици:** | 57 машки и 110 женски |
| **Број на наставници:** | 12 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Кристина Иванова |
| **Директор на училиштето:** | Марија Лазарова |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 26-27.03.2023 година |
| **Адреса на училиштето:** | Љупчо Сантов бб, Кочани |
| **Телефон:** | 033 273 207 |
| **Факс:** | 033 273 207 |
| **e-mail:** | Omu-ristojurukov-kochani@schools.mk |
| **Оценка од Интегрална евалуација** | 3.73 многу добро |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013 , 41/2014 33/2015 I 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## Резиме

Во периодот од 30 и 21 Октомври 2023 година, инспекциски тим од Државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во ООМУ „Ристо Јуруков“ - Кочани.

За време на престојот во учлилиштето, Државните просветни инспектори остварија средби со директорот на училиштето, посетија часови кај сите наставници, извршија индивидуални разговори со ученииците, одржаа состаноци со членовите на Училишен одбор и Совет на родители.

Воспитно-образовната работа во ОМУ „Ристо Јуруков“ - Кочани - е **многу добра (3.73)**.

Оваа оценка е извлечена од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници, климата во училиштето и постигнатите резултати.

За време на тродневниот надзор, тимот на Државни просветни инспектори ги спроведе сите планирани активности предвидени со Прирачникот за вршење на интегрална евалуација. Посетени беа наставници кои реализираат настава во училиштето, се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, Ученичкиот парламент, Училишниот одбор и Советот на родители.

Во Основното општинско музичко училиште “Ристо Јуруков“ Кочани, се реализира настава во согласност со Наставните планови и програми изработени од Биро за развој на образование, а одобрен од Министерот за образование и наука со бр. 12-7219/1 од 27.03.2015 година, за шестгодишно и деветгодишно основно музичко образование. Шестгодишно основно музичко образование опфаќа изучување на инструментите флејта, гитара, хармоника *и* традициски инструменти. Деветгодишно основно музичко образование опфаќа изучување на инструментите пијано и виолина. Училиштето изработува брошура со која ги запознава родителите со наставните планови и програми, наставниот кадар, организацијата и времетраење на наставата, кодекси и правила на однесување и мисијата и визијата на училиштето.

На учениците и се дава можат да изберат и програми за слободни ученички активности од хор, оркестар и камерна музика. Изборот се врши на почетокот на учебната година со изјави од родителите.

Училиштето од почетокот на ученната 2023/24 година, склучило Меморандум за партнерство и соработка во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“, со Училиштето за основно музичко образование „Панче Пешов“ Куманово. Меморандумот за партнерство е во насока на реализација на заеднички активности и соработка со цел поттикнување на мултиетничка соработка, другарување помеѓу учениците од различни етнички и јазични групи, преку организирање и реализација на заеднички проекти од областа на музиката, културата и образованието, меѓусебни консултации, совети и размена на искуства.

Училиштето во соработка со останати основни и средни музички училишта од државата, сметаат дека е потребна промена на наставните планови и програми во основно и средно музичко образование и како резултат на тоа во 2022 година, преку Здружение на Директори на музички училишта, доставен е предлог до Биро за развој на образование, за измена на истите. Со одговорот на Биро за развој на образованието, дадена е насока за потребата од изготвување на нацрт од наставниот план со сите измени и дополнувања и соодветна аргументација за нивната оправданост, како и предлог за изменување и дополнување на Законот за основно и Законот за средно образование.

Како проблем со кој се соочува училиштето, а кој трае повеќе години е реализација на наставата без одобрени или верифицирани учебници и стручна литература од страна на Министерството за образование и наука. Здружението на директори на музичките и балетските училишта, се обратило со барање, но сеуште нема учебници за наставните програми.

Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат воннаставни активности. Училиштето преку вонннаставните активности се афирмира на локално, државно и меѓународно ниво.

Преку реализацијата на вонннаставните активности, училиштето остварува значајна соработка со инстиуции во општината, државата и во странство.

Во изминатите три учебни години учениците со подршка на наставниците – ментори, учествувале во училишни и општински манифестации, фестивали, концерти, презентации, работилници, литературни конкурси и читања и при одбележување на значани настани и датуми.

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците. Се изработуваат полугодишни и годишни извештаи во кои се дадени податоци за постигањата на учениците. Сите извештаи и споредбени анализи ги изработува директорот на училиштето. Во училиштето нема вработено стручни соработници.

Средниот успех на учениците, на крајот на годината, во последните три учебни години, изнесува 4,67 во учебната 2020/2021 година, во учебната 2021/2022 година – 4,7 и во учебната 2022 /23 година, средниот успех изнесува 4.8, што значи дека учениците традиционално постигнуваат одличен успех.

Училиштето учествува на ученички натпревари организирани на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво, на кои поголем број од учениците се стекнале со дипломи за освоени прва, втора и трета награда или биле пофалени.

Во учебната 2021/22 година учествувале на натпревари по пијано, гитара, хармоника, флејта и виолина, во учебната 2022/23 година, на натпревари по пијано, флејта, виолина, солфеж и теорија на музиката и во учебната 2022/23 година на натпревар по пијано, традициски инструменти и гитара.

Училиштето има податоци за целосна опфатеност на учениците Во учебната 2023/24 година, запишани се вкупно 167 ученици.

Бидејќи основното музичко училиште не е задолжително, запишувањето и отпишувањето на учениците е на доброволна основа.

Училиштето им овозможува на учениците кои подоцна се запишале во настава, да можат да завршат две оделенија за една учебна година, но образованието за овие ученици да не биде пократко од шест години за деветгодишно образование, согласно наставниот план. .

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците. Бројот на оправдани или неоправдани изостаноци по ученик е мал.

Во училиштето нема повторување на учениците. Сите ученици се запишуваат на доброволна основа, по сопствена желба и согласно покажаните афинитети кон определен инструмент.

Наставниците во рамки на стручните активи изготвуваат годишни глобални и тематски планирања. Во училиштето нема вработено стручни соработници и планирањата во електронска форма се доставуваат кај директорот.

Планирањата ги содржат потребните елементи за успешна организација и реализација на часот. Наставниците редовно изготвуваат месечни и оперативни планови за наставен час за секој ученик посебно. Оперативните планови кај наставниците за групна настава ги содржат сите елементи за успешна организација и реализација на часот (цели на часот, наставни форми и методи, активности, ресурси, постапки на оценување, очекувани исходи). Наставниците кои реализираат индивидуална настава изготвуваат оперативни планови кои се прилагодени на индивидуалните потреби на учениците.

Согласно наставните програми за шестгодишно и деветгодишно музичко образование, наставниот процес се одвива преку групна и индивидуална настава. Во групната настава (групи од 8 – 15 ученика) учениците ги изучуваат теоретските предмети – солфеж, теорија на музика, како и слободни ученички активности – хор и оркестар, додека изучувањето на инструментот се изведува преку индивидуална форма на настава.

Додатната настава ја планира секој наставник со еден час неделно во времетраење од 40 минути, индивидуално или во помали групи. Овој вид настава се планира и реализира со учениците кои покажуваат особено изразен интерес и напредок по одреден предмет.

Во наставниот план не е предвидена дополнителна настава, Поради тоа што ученик може да се запише и во погорните одделенија, најчесто дополнителна настава се изведува со овие ученици за да можат побрзо да ги совладаат предвидените наставни содржини за годините во кои не посетувале настава.

Секој наставник води евиденција за напредокот на учениците. Наставниците водат и портфолио за секој ученик каде се евидентираат сите нивоа на постигнување и напредување, како и резултатите од натпревари, учество на јавни настапи и сл.

Севкупната грижа за учениците во училиштето е многу добра. Училишниот простор и инфраструктурата во училиштето се безбедни за настава и ги задоволуваат просторно - техничките услови за изведување на наставата.

Хигиената во училишните простории, ходниците и санитарните јазли е на високо ниво. Дезинфекција и дератизација се врши двапати годишно во училиштето.

Во училиштето не се реализира посебна програма за здравствена заштита на учениците, предавања и кампањи, бидејќи учениците ги исполнуваат своите обврски преку редовното образование.

Во училиштето се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Наставниците водат ученички портфолија со податоци за учествата на учениците на јавни настапи, натпревари, постигнати резултати и истите им се достапни на родителите.

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето е многу добра.

Раководниот органи наставниците се трудат да обезбедат респект кај учениците и родителите.

Сите ученици (без оглед на способностите и родот) се чувствуваат безбедни и прифатени од сите вработени во училиштето.

Дисциплината во училиштето е многу добра. Во училиштето нема изречено педагошки мерки.

Во училиштето има активен Ученички парламент кој има сопствена програма за работа. Учениците од Ученички парламент, учествуваат во организацијата на активностите во училиштето, за одбележување на значајни датуми и настани и други тековни активности организирани од страна на училиштето.

Снабденоста на училиштето со наставните средства е многу добра, бидејќи училиштето располага со потребни инструменти и наставни помагала потребни за квалитетно изведување на наставата.

Училишната библиотека располага со 852 книги ( 377 насови) за потребите на наставата по сите предмети. Во училиштето нема вработено стручен соработник библиотекар. Наставниците користат светска нотна литература која е достапна на интернет и истата се печати за потребите на наставата. Набавената литература ја користат само наставниците, кои на учениците им доставуваат копии, согласно програмата која ја изучуваат. Истата се води електорнски.

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето се работи според Програма за усовршување и професионален развој на наставниците и таа е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Од разговорите со наставниците, евидентна е потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности. Училиштето учествува во сите обуки организирани од страна на Министреството за образование и Биро за развој на образованието.

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Сите членови на УО се со легитимен мандат. Претседател на УО, согласно новиот закон за основно образование е од редот на Советот на родители.

Училишниот одбор има Деловник за работа и сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со дел. број 01-466/1 од 05.02.2020 година.

Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.01-203/1 од 07.07.2023 година, со заклучок од општината дел.бр. 09-1577/1 од 31.08. 2023 година.

Училиштето има изработено Самоевалуација со дел.бр.01-273/1 од 12.10.2022 година во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат.

Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето со дел.бр. 01-113/1 од 26.04.2021 година.

## Карактеристики на училиштето

Општинското основно музичко училиште „Ристо Јуруков“ Кочани е основано 1956 година, со акт за основање бр.4230, од 09.04.1956 година.

Дејноста на основното музичко училиште е верифицирана со Решение бр.13-504/1 од 27.01.1986 година, од Собрание на општина Кочани.

Училиштето е сместено во просториите на комплексот „АСНОМ“(објект изграден во 1980 година), кој се наоѓа во централниот дел на градот.

Училиштето го носи името на основачот - Ристо Јуруков, еден од првите музичари во Република Македонија кој и го оформил музичкото училиште.

До 2004 година, училиштето го носи името „Стеван Мокрањац“, кога е преименувано по основачот.

Вкупната површина на комплексот изнесува 957 $м^2$, од кои училишната зграда има корисна површина од 504 $м^2$.

Училиштето нема одредено дворно место бидејќи истиот е на целиот комплекс и е со површина од 200 $м^{2.}$. Изградена е пристапната патека до училиштето, која редовно ја одржува техничкиот персонал од училиштето.

Училишниот објект е од тврда градба и располага со сите потребни простории за изведување на наставата. Располага со вкупно 2 училиници за групна настава, 9 кабинети за индивидуална настава, (5 - пијано, 1 - флејта, 1 - хармоника, 1 - гитара и 1 - виолина) и 6 вежбални кои ги исполнуват условите за изведување на наставата според нормативот.

Располага и со 2 канцеларии (директор и наставници), 1 – просторија за технички персонал, 1 – просторија за архива во која во моментот се одвива наставата по традициски инструменти и 1 помошна просторија – магацин.

Во Општинското основно музичко училиште „Ристо Јуруков“ – Кочани, учениците на доброволна основа ги изучуваат музичките инструменти пијано и виолина преку деветгодишно и флејта, хармоника, гитара и традиционални инструменти преку образовниот процес во траење од шест години.

Наставата во шестгодишното и деветгодишното музичко образование ја реализираат 12 наставници, а оваа учебна година се запишани вкупно 167 ученици.

Училиштето работи во две смени, а распоредот на часови е усогласен со наставата која учениците ја имаат во редовното основно образование.

Училиштето е препознатливо пошироко од општината и надвор од државата според значајните музички остварувања и наградите на учениците на државни и меѓународни натпревари.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Во Основното општинско музичко училиште “Ристо Јуруков“ Кочани, се реализира настава во согласност со Наставните планови и програми изработени од Биро за развој на образование, а одобрен од Министерот за образование и наука со бр. 12-7219/1 од 27.03.2015 година, за шестгодишно и деветгодишно основно музичко образование.

Шестгодишно основно музичко образование опфаќа изучување на инструментите флејта, гитара, хармоника *и* традициски инструменти. Учениците кои ги изучуваат овие инструменти се запишуваат на деветгодишна возраст, од четврто одделение со право на упис и до шесто одделение.

Деветгодишно основно музичко образование опфаќа изучување на инструментите пијано и виолина. Учениците кои ги изучуваат овие инструменти се запишуваат на шестгодишна возраст, од прво одделение со можност за упис и до трето одделение.

Училиштето изработува брошура со која ги запознава родителите со наставните планови и програми, наставниот кадар, организацијата и времетраење на наставата, кодекси и правила на однесување и мисијата и визијата на училиштето.

Учениците со наставната програма се запознаваат на почетокот на учебната година.

На учениците и се дава можат да изберат и програми за слободни ученички активности од хор, оркестар и камерна музика. Изборот се врши на почетокот на учебната година со изјави од родителите.

Основното музичко образование не е задолжително.

Училиштето од почетокот на ученната 2023/24 година, склучило Меморандум за партнерство и соработка во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“, со Училиштето за основно музичко образование „Панче Пешов“ Куманово. Меморандумот за партнерство е во насока на реализација на заеднички активности и соработка со цел поттикнување на мултиетничка соработка, другарување помеѓу учениците од различни етнички и јазични групи, преку организирање и реализација на заеднички проекти од областа на музиката, културата и образованието, меѓусебни консултации, совети и размена на искуства.

Во училиштето не се запишуваат ученици со посебни образовни потреби.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето во соработка со останати основни и средни музички училишта од државата, сметаат дека е потребна промена на наставните планови и програми во основно и средно музичко образование и како резултат на тоа во 2022 година, преку Здружение на Директори на музички училишта, доставен е предлог до Биро за развој на образование, за измена на истите. Со одговорот на Биро за развој на образованието, дадена е насока за потребата од изготвување на нацрт од наставниот план со сите измени и дополнувања и соодветна аргументација за нивната оправданост, како и предлог за изменување и дополнување на Законот за основно и Законот за средно образование.

Како проблем со кој се соочува училиштето, а кој трае повеќе години е реализација на наставата без одобрени или верифицирани учебници и стручна литература од страна на Министерството за образование и наука. Здружението на директори на музичките и балетските училишта, се обратило со барање, но сеуште нема учебници за наставните програми.

## 1.3 Вонаставни активности

Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат вонаставни активности. Училиштето преку вонаставните активности се афирмира на локално, државно и меѓународно ниво.

Преку реализацијата на вонаставните активности, училиштето остварува значајна соработка со инстиуции во општината, државата и во странство.

Во изминатите три учебни години учениците со подршка на наставниците – ментори, учествувале во училишни и општински манифестации, фестивали, концерти, презентации, работилници, литературни конкурси и читања и при одбележување на значани настани и датуми.

Реализирани се концерти: Музичка среда, Музички караван, Новогодишен концерт, Концерт по повод патрониот празник на училиштето, Концерт родители и деца, Концерт на саксафон и пијано, Концерт за нашите мајки, Концерт – музички караван на кој земале учество ученици од музичките училишта од државата, Концерти во насока на презентација на училиштето пред учениците од основните училишта во општината и други.

Ученици од училиштето земале учество и при одбележување на Денови на кочанскиот ориз, Денови на медот, Денот на ослободувањето на општината, Ден на пијаното, Учество при одбележување на Меѓународниот ден на лица со попреченост и промоции на книги и литературни работилници и други настапи и учества.

Во училиштето се реализираат слободни ученички активности според наставните програми за хор, оркестар и камерна музика.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците. Се изработуваат полугодишни и годишни извештаи во кои се дадени податоци за постигањата на учениците. Сите извештаи и споредбени анализи ги изработува директорот на училиштето. Во училиштето нема вработено стручни соработници.

Успехот на учениците согласно изготвените изештаи на крајот од првото полугодие во учебната 2020/2021 година, изнесува - 4,59, во учебната 2021/2022 година – 4,32 и во учебната 2022/23 година – 4,38.

Средниот успех на учениците, на крајот на годината, во последните три учебни години, изнесува 4,67 во учебната 2020/2021 година, во учебната 2021/2022 година – 4,7 и во учебната 2022 /23 година, средниот успех изнесува 4.8, што значи дека учениците традиционално постигнуваат одличен успех.

Училиштето учествува на ученички натпревари организирани на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво, на кои поголем број од учениците се стекнале со дипломи за освоени прва, втора и трета награда или биле пофалени.

Во учебната 2021/22 година учествувале на натпревари по пијано, гитара, хармоника, флејта и виолина, во учебната 2022/23 година, на натпревари по пијано, флејта, виолина, солфеж и теорија на музиката и во учебната 2022/23 година на натпревар по пијано, традиционални инструменти и гитара.

На крајот на учебната година, традиционално се прогласува ученик на генерација од шестгодишно образование и ученик на генерација од деветгодишно образование. Наградите за учениците ги обезбедува општина Кочани, кои најчесто се парична награда или патување. Се нагрдуваат и учениците кои освоиле прво место на државни акредитирани натпревари и меѓународни натпревари, со парични средства. Училиштето за сите ученици кои учествувале на натпревари им доделува благодарници.

Училиштето организира додатна настава за учениците кои поради отсуство од настава не ја усвоиле наставната содржина и се соочуваат со потешкотии во совладувањето на истата и пред настапи на концерти и други манифестации.

Во наставниот план не е предвидена дополнителна настава. И покрај тоа овој тип на настава се изведува во училиштето, за учениците кои во училиштето се запишале во погорните одделенија, за да можат побрзо да ги совладаат предвидените наставни содржини за годините во кои не посетувале настава.

За постигањата на учениците, родителите се запознаваат на заедничките родителски средби, индивидуални средби и преку евидентните листови за успехот на учениците. Евидентните листови за успехот на учениците, за шестгодишно образование не се усогласени со наставните планови и програми.

## 2.2 Задржување и осипување на ученици

Училиштето има податоци за целосна опфатеност на учениците. Најголем број од запишаните ученици се од општина Кочани и мал број на ученици од околните општини Виница, Зрновци и Чешиново – Облешево. Во учебната 2023/24 година, запишани се вкупно 167 ученици.

Училиштето го следи осипувањето на учениците.. Евидентирана е појава на напуштање на училиштето во текот на учебната година. Во учебната 2021/2022 година - испишани се 10 ученици, во учебната 2022/2023 година - 41 ученик и од почетокот на учебната 2023/24 година, испишани се 36 ученици. Евидентирана е и појава на запишување на ученици во училиштето. Во учебната 2021/22 година, запишани се 11 ученици, во учебната 2022/23 година - запишани се 23 ученици, и од почетокот на учебната 2023/2024 година - запишани се 7 ученици.

Бидејќи основното музичко училиште не е задолжително, запишувањето и отпишувањето на учениците е на доброволна основа.

Училиштето им овозможува на учениците кои подоцна се запишале во настава, да можат да завршат две оделенија за една учебна година, но образованието за овие ученици да не биде пократко од шест години за деветгодишно образование, согласно наставниот план. .

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците. Бројот на оправдани или неоправдани изостаноци по ученик е мал.

Во учебната 2020/2021 година бројот на изостаноци (оправдани и неоправдани) по ученик изнесува 0,92 изостаноци, во учебната 2021/22 година – 0,61 изостанок и во учебната 2022/23 година, - 0,91 изостанок по ученик. Од изготвените споредбени анализи, може да се утврди дека бројот на неоправдани изостаноци по ученик е многу мал и изнесува од 0,04 во учебната 2020/21 година, 0,13 во учебната 2021/22 година и во учебната 2022/23 година нема неоправдани изостаоци.

## 2.3 Повторување на ученици

Во училиштето нема повторување на учениците. Сите ученици се запишуваат на доброволна основа, по сопствена желба и согласно покажаните афинитети кон определен инструмент.

Училиштето ја исполнува законската обврска, за информирање на родителите за успехот на учениците на родителска средба која се одржува на крајот на учебната година, со право за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценки на крајот на учебната година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Пред почетокот на секоја учебна година, врз основа на наставните програми, наставниците, во рамки на стручните активи изготвуваат годишни глобални и тематски планирања. Во училиштето нема вработено стручни соработници и планирањата во електронска форма се доставуваат кај директорот.

Планирањата ги содржат потребните елементи за успешна организација и реализација на часот. Наставниците редовно изготвуваат месечни и оперативни планови за наставен час за секој ученик посебно. Оперативните планови кај наставниците за групна настава ги содржат сите елементи за успешна организација и реализација на часот (цели на часот, наставни форми и методи, активности, ресурси, постапки на оценување, очекувани исходи). Наставниците кои реализираат индивидуална настава изготвуваат оперативни планови кои се прилагодени на индивидуалните потреби на учениците.

Во планирањата се интегрирани наставни содржини кои се поврзани со Еко програмата која е во прилог на Годишната програма за работа на училиштето. Во планирањата се евидентираат и линковите кои ќе се користат во наставата со примена на ИКТ.

Наставниците разменуваат идеи и искуства за планирањето во училиштето, како и со колеги од други училишта во државата. Директорот им дава поддршка на наставниците при изработувањето на плановите.

Распоредот на часовите најпрво го изготвуваат наставниците кои ја водат групната настава, а потоа секој наставник за својот инструмент прави индивидуален распоред. Распоредот се изготвува во месец август и истиот најчесто претрпува промени во текот на месец септември, поради усогласувањето со наставата во матичните училишта како и останатите вонаставни активности на учениците.

## 3.2 Наставен процес

Согласно наставниот план, во училиштето се реализира задолжителна настава (инструмент и солфеж со елементарна теорија на музика), слободни ученички активности (хор, оркестар и камерна музика) и додатна настава.

Во училиштето се реализираат две наставни програми: за деветгодишно музичко образование за инструментите пијано и виолина, и шестгодишно музичко образование за инструментите гитара, флејта, хармоника, а од претходната учебна година и за новиот оддел по традициски инструменти.

Согласно наставните програми за шестгодишно и деветгодишно музичко образование, наставниот процес се одвива преку групна и индивидуална настава. Во групната настава (групи од 8 – 15 ученика) учениците ги изучуваат теоретските предмети

– солфеж, теорија на музика, како и слободни ученички активности – хор и оркестар, додека изучувањето на инструментот се изведува преку индивидуална форма на настава.

Сите наставници користат различни форми и методи во наставата кои се соодветни за постигнување на поставените цели (метод на демонстрирање, имитација, компаративен метод, користење на аудио - визуелни материјали, интернет и сл). Наставниците главно користат индивидуализирани приоди за сите ученици што придонесува за развивање на индивидуалните вештини за учење на секој ученик.

Во сите девет кабинети за индивидуална настава е обезбеден по еден персонален компјутер со пристап до интернет. Во двата кабинети за групна настава е обезбеден по еден компјутер за наставникот и пристап до интернет.

Наставниците често ја користат ИКТ опремата во наставата, за добивање на информации за композиторите и делата што ги свират, преслушување на снимки од реномирани изведувачи, пребарување и симнување литература, гледање на концерти итн.

Бидејќи основните музички училишта немаат верифицирано учебници од страна на МОН, наставниците за секој ученик избира индивидуално материјал кој, согласно наставните програми, треба да го совлада во текот на годината. Најчесто се користат преведени или автори од сродно јазично подрачје, содржини симнати од интернет и линкови.

Наставниците ги споделуваат со учениците целите на часот и очекуваните исходи од учењето. Приодот кон учениците е добар, учениците активно се вклучени на часот и постои многу добра работна атмосфера.

Училиштето има утврдена процедура за следење на наставниот процес, предвидена во Годишната програма за работата на училиштето. Директорот врши посети на час најмалку еднаш во полугодие. Наодите се користат за подобрување на наставниот процес.

Учениците од инструментален оддел задолжително имаат два јавни настапи во текот на учебната година. Целта е јавно презентирање на нивото на совладување на програмските содржини.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Средината за учење во сите простории за изведување настава е мотивирачка и стимулирачка. Училниците за индивидуална, како и училниците за групна настава и вежбалните се соодветно уредени и овозможуваат услови за непречена работа.

На најголем број на часови постои добра работна атмосфера за учење и учениците слободно комуницираат со наставникот. На часовите учениците се целосно вклучени во процесот на учење.

Инструментариумот со кој располага училиштето ги задоволува потребите за реализирање настава. Секој наставник има сопствен кабинет со потребни наставни средства. Учениците можат да ги користат инструментите во секое време за вежбање. Дел од нив се даваат и за домашно вежбање. Инструментите редовно се одржуваат, штимаат и по потреба на одредени инструменти се врши репарација во границите на можностите.

Наставниците бараат од учениците да го искажуваат своето мислење во врска со музичките материјали и материјалот за вежбање и тоа да биде земено предвид.

Формиран е Ученичкиот парламент, кој има изберено раководство, и има изготвено Програма за работа. Изберен е ученички правобранител и двајца претставници за учество во работата на училишен одбор, кои не се поканувaат и присуствуваат на состаноците на училишен одбор. На состанокот со членови на ученичкиот парламент искажано е големо задоволство од целокупната работа во училиштето, без забелешки.

Училиштето ги ангажира учениците во вонаставни активности, јавни настапи, концерти, учества на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Учествата на натпревари зависат од работата на ученикот во текот на годината, како и од финансиската состојба на родителот, бидејќи сите финансии околу патувањето, сместувањето и партиципирањето на натреварот се на трошок на родителот, освен

организираниот превоз за учество на регионален и државен натпревар, кој е на трошок на училиштето. Поради ова дел од натпреварите се одржуваат on line.

Од минатата учебна година во рамки на Еразмус+ Програмата, училиштето, како дел од проектот „The Balkan Music Train for Peace“, остварена е соработка со училишта од Грција и Бугарија.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Во училиштето претежно се запишуваат талентирани и надарени ученици.

Наставниците ги препознаваат образовните потреби и ги идентификуваат пречките во процесот на учење кај учениците. Наставниците им даваат задачи и активности кои учениците мораат да ги совладаат во одреден временски период. Индивидуалната настава и наставата во мали групи му овозможува на секој наставник да го процени нивото на постигнато знаење кај секој ученик, да го следи интензитетот на напредок и да примени соодветни начини за учениците да добијат квалитетно знаење.

Во наставниот план не е предвидена дополнителна настава, од причини што во овие училишта најчесто се запишуваат талентирани ученици. Поради тоа што ученик може да се запише и во погорните одделенија, најчесто дополнителна настава се изведува со овие ученици за да можат побрзо да ги совладаат предвидените наставни содржини за годините во кои не посетувале настава.

Додатната настава ја планира секој наставник со еден час неделно во времетраење од 40 минути, индивидуално или во помали групи. Овој вид настава се планира и реализира со учениците кои покажуваат особено изразен интерес и напредок по одреден предмет.

Учениците имаат можност да се вклучуваат во слободни ученички активности учествувајќи во училишниот хор и оркестар.

Изборот на задачите и активностите се адекватни и прилагодени на индивидуалните можности и потреби на учениците, и поттикнуваат постојана интеракција.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Учениците во деветгодишно образование, во прв период се оценуваат описно, во втор период комбинирано и во трет период бројчено. Учениците во шестгодишното образование се комбинирано и бројчено оценување, бидејќи во овој вид на образование учениците се запишуваат од четврто одделение во матичните училишта.

Секој наставник води евиденција за напредокот на учениците. Наставниците водат и портфолио за секој ученик каде се евидентираат сите нивоа на постигнување и напредување, како и резултатите од натпревари, учество на јавни настапи и сл.

Врз основа на критериумите за оценување и претходна евиденција на формативните оценки се формира сумативна оценка на крајот на првото тримесечје, на крајот на првото полугодие, на крајот на третото тримесечје и на крајот на учебната година. Сумативната оценка се оформува на Наставнички совет по претходно излагање на наставникот за континуитетот на постигнувања за секој ученик поединечно.

Успехот се евидентира во пропишани обрасци за педагошка документација: Дневници за групна и индивидуална настава, Евидентни листови, Свидетелства за завршено одделение, Главна книга.

Оценувањето во групната настава се изведува преку усни и писмени диктати, теоретски тестови, наставни ливчиња. За овие постигнувања наставниците уредно водат евиденција, а во дневниците се заведуваат само сумативните оцени за тримесечјата, полугодишните и годишни постигања на учениците. Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата. Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

Оцените за првото и третото тримесечие, како и полугодишните оцени, учениците ги добиваат преку евидентни листови. На крајот од учебната година учениците добиваат свидетелства со сумативни описни или бројчани оцени, во зависност од одделението и програмата која ја изучувале.

На крајот од учебната година (во месец јуни), учениците полагаат годишни испити. Програмата за годишните испити е утврдена со наставните планови и програми, а содржините се зададени од страна на предметниот наставник. Оние ученици кои нема да се јават или нема да го положат годишниот испит, им се организира термини за повторно полагање на годишен испит во месеците јуни и август. Доколку повторно не се јават на испит или не го положат, не можат да ја завршат годината и да преминат во следното одделение.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем на известување на родителите за напредокот на нивните деца (родителски групни и индивидуални средби, распоред за консултации со родители, усна и писмена комуникација - евидентни листови). Училиштето организира и отворен ден во месец мај за родителите кои сакаат да ги запишат своите деца во основно музичко училиште. Наставниците редовно прибираат информации за напредокот на учениците и ги информираат родителите. Родителите немаат никакви забелешки за известувањата кои ги добиваат за напредокот на своите деца.

Е-дневник за основните музички училишта не се подржува поради повторување на податоците за учениците од редовното основно образование. Реализацијата на наставата се евидентира во педагошки дневници за индивидуална и групна настава. Дневниците се водат електронски, а на крајот на секој месец се печат.

## 4 Поддршка/помош на учениците

### 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Севкупната грижа за учениците во училиштето е многу добра. Училишниот простор и инфраструктурата во училиштето се безбедни за настава и ги задоволуваат просторно - техничките услови за изведување на наставата.

Она што недостасува е концертна сала за реализација на концертна дејност, за што училиштето има изготвено проект за адаптација на дел од објектот и истиот, преку Општина Кочани е доставен до МОН.

Во училишниот простор има поставени 6 ПП-апарати кои се сервисирани (последен сервис на 31.05.2023 година) и 1 хидрант. Еден наставник е обучен за давање на прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето. Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди (План за заштита и спасување бр.1-299 од 31.12.2015 година). Поставена е шема за евакуација во случај на пожар и други елементарни непогоди во холот на училиштето, со правец на движење на учениците и вработените. Последна извршена вежба за евакуација е извршена на 15.12.2021 година.

Обезбеден е видео надзор со 4 камери. Пристапот е прилагоден за лица со пречки во развојот.

Склучени се полиси за осигурување на училишната зграда, опремата и вработените со Триглав осигурување АД.

Донесени се Кодекс на однесување за учениците (бр.02-238/1 од 11.09.2020 година), Кодекс на однесување на наставниците (бр.02-238/2 од 11.09.2020 година) и Куќен ред (бр.02-96/1 од 02.06.2022 година).

### 4.2 Здравје

Хигиената во училишните простории, ходниците и санитарните јазли е на високо ниво. Дезинфекција и дератизација се врши двапати годишно во училиштето.

Во училиштето не се реализира посебна програма за здравствена заштита на учениците, предавања и кампањи, бидејќи учениците ги исполнуваат своите обврски преку редовното образование.

Сите вработени вршат систематски и санитарни прегледи.

Дворот на училиштето има озеленети уредени површини кои редовно се одржуваат.

Проблем се јавува во опкружувањето на училишната зграда поради несоодветен однос на ромско население кон отпадот кој се фрла во контејнерите. Училиштето редовно ја известува општината за овој проблем.

### 4.3 Советодавна помош на учениците

Во училиштето нема стручна и административна служба. Сите активности ги спроведува директорот.

За опфат на што поголем број на ученици училиштето презема различни активности: се изготвуваат плакати за уписи кои се истакнуваат во сите основни училишта во општината; се доставуваат флаери во градинките и основните училишта преку кои родителите се запознаваат со наставните програми во музичкото училиште; се одржуваат презентации на инструментите кои се изучуваат во нашето училиште, најчесто во основните училишта.

Училиштето бара и добива информации за учениците кои го продолжуваат своето музичко образование.

### 4.4 Следење на напредокот

Во училиштето се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Наставниците водат ученички портфолија со податоци за учествата на учениците на јавни настапи, натпревари, постигнати резултати и истите им се достапни на родителите.

На ниво на училиште се организираат најмалку четири родителски средби во учебната година. Индивидуалните средби со родителите се реализираат секојдневно во согласност со распоредот на часови и активностите на наставниците.

Наставниците ги евидентираат индивидуалните учества на учениците на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето е многу добра.

Раководниот органи наставниците се трудат да обезбедат респект кај учениците и родителите.

Училиштето се залага за зголемување на грижата и безбедноста на учениците и дава подршка за зајакнување на партиципацијата на учениците, родителите и пошироката заедница во училишниот живот.

Училиштето има Кодекс на однесување на учениците, наставниците и родителите, во кој се регулирани правилата на однесување, за учениците имаат изработено и правила на однесување во училиштето кои се истакнати во училницитеи холот во училиштето.

Во училиштето е донесен Куќен ред, кој е поставен на видно место во училиштето.

Сите ученици (без оглед на способностите и родот) се чуствуваат безбедни и прифатени од сите вработени во училиштето.

Дисциплината во училиштето е многу добра. За ова придонесува и малиот број на ученици во училиштето, каде одреден број на ученици го напуштаат училиштето, а други доаѓаат, согласноно распоредот на групна и во поголем број индивидуална настава,. Во училиштето  нема изречено педагошки мерки.

Во училиштето има активен Ученички парламент кој има сопствена програма за работа. Учениците од Ученички парламент, учествуваат во организацијата на активностите во училиштето, за одбележување на значајни датуми и настани и други тековни активности организирани од страна на училиштето.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето води грижа за постигањата на учениците. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување на јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците.

Учениците имаат можности да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности. Училиштето и наставниот кадар им овозможуваат на учениците да учествуваат на натпревари на општинско, регионалнои државнониво, меѓународни натпревари, за што се води уредна евиденција. Активно работат двата хора, оркестарот и оркестар на народни инструменти, камерна музика (дуо, трио, квартет, хор флејти) кои постојано се активни на многубројни настапи.

Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на: веб страната на училиштето, профил на училиштето на социјалните мрежи, свечена академија по повод крајот на учебната година и други свечености, на веб страна на општината, на патрониот празник и преку локални, регионални и државни  медуми.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Подеднакво се однесуваат кон сите ученици без разлика на полот, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активности на часот и за активности надвор од часовите.

Училиштето преку разни форми ги запознава учениците за нивните права. Нема примери на нетранспарентност при оценувањето и немаат никаква забелешка по однос на однесувањето на наставниците кон нив.

Во училиштето, покрај ученици од македноска националност има 2 ученици од ромска националност и 1 ученик од влашка етничка припадност.

Еднаквоста и правичноста како темелни вредности кои наставниците се трудат постојано да ги посочат на учениците, како на часовите така и при сите активности кои ги организира училиштето.

Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат музичката култура и традиција, како и културите и традициите на другите народи, пред се со оние со кои училиштето има тесна соработка (Унгарија, Бугарија, Грција, Турција и др.)

## 5.4 Партнерски однос со родителите, со локалната и со деловната заедница

Училиштето презема активности и ја прифаќа поддршката на родителите кои сакаат да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работата на училиштето. Родителите активно учествуваат во сите вон наставни активности организирани од страна на училиштето, во реализацијата на државни и меѓународни натпревари, како и преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор.

Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби, почитувајќи го времето што родителот го има на располагање. Се одржуваат најмалку по две родителски средби во прво полугодие и три во второ полугодије.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето соработува со сите институции од локалната заедница: Домот на култура, Градска библиотека, Детските градинки, Основните училишта, Едукативни центри, Центар за јавно здравје, Здружението на медари,музички училишта од други општини, Невладини организации и здруженија, како и со други институции од општината.

Со деловната зеденица остварена е соработка со: „Амфенол“, „Антура“, „Амор“, Ротари клуб Кочани – Виница, компанијата ИНТ, Европа 92, Добротворно пожарникарно друштво и други. На последниот Новогодишен концерт, „Екстра фунги“ - Виница и Општина Кочани донираа Новодишни пакечиња за учениците, а компанијата Антура ја финасираше забавата з а учесниците**.**

Училиштето остварува партнерски однос и со училиштата од општината исите основни и средни музички училишта во државата како и со Факултетите за музичка уметност во Скопје и Штип. Исто така нашето училиште има остварено меѓународна соработка со музичкото училиште „Адам Јено“ од Сигентсендмиклош – Р.Унгарија, со музички уметници од Истнбул – Турција, од оваа година преку проектот „Еразмус“ со музичките училишта од Пазрџик – Р.Бугарија и Лариса – Грција.

Секоја учебна година, родителите се запознаваат со програмата за работа на училиштето преку информативна брошура на родителите. Истата се објавува на веб страната и фејзбук странатана училиштето.

# 6 Ресурси

## 6.1. Просторни капацитети

Воспитно - образовната дејност во училиштето се реализира во една зграда, сопственост на Општина Кочани, а дадена на трајно користење на ООМУ „Ристо Јуруков“ Кочани.

Објектот АСНОМ, во чиј склоп се наоѓа училиштето,е изграден во 1980 година. Училиштето располага со површина од 957 $m^2$ од кои моментално корисната површина изнесува 552 $m^{2,}$ а остатокот од 402 $m^2$ е во фаза на адаптација и реконструкција. Во тој дел е поставен кров, прозорци и влезни врати. Истиот треба да се адаптира за потребите на училиштето.

Училиштето нема одредено дворно место бидејќи истиот е на целиот комплекс. Пристапната патека до училиштето редовно ја одржува техничкиот персонал од училиштето.

Училишниот објект е од тврда градба, со сите потребни простории за изведување на наставата. Располага со вкупно 2 училиници за групна настава, 9 кабинети за индивидуална настава, (5 - пијано, 1 - флејта, 1 - хармоника, 1 - гитара и 1 - виолина) и 6 вежбални кои служат за вежбање на учениците по инструмент, кои ги исполнуват условите за изведување на наставата според нормативот. Располага и со 2 канцеларии (директорска и наставничка), 1 – просторија за технички персонал, 1 – просторија за архива во која во моментот се одвива наставата по традициски инструменти и 1 помошна просторија – магацин.

Постојат пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и за организирање на вонннаставните активности за учениците. Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките

Просториите во училиштето се загреваат со парно греење на нафта.

Во училиштето се поставени 6 атестирани противпожарни апаратии 1 хидрант кои редовно се сервисираат. Во ходниците на видни места се поставени шеми за евакуација во случај на елементарна непогода.

Санитарни јазли за учениците има во секој клон. За одржување на хигиената во училиштето придонесуват редовните контроли од страна на директорот.

Во оваа учебна година, во училиштето настава посетуваат вкупно 167 ученици во две наставни програми и тоа: деветгодишно образование и шестгодишно образование. Групната настава се одвива во 18 паралелки и 2 комбинирани паралелки. Истите ученици се распределни според инструментот кој го изучуваат кај соодветните наставници.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава во смени, а најчесто меѓусмена поради прифаќањето на учениците пред и по завршување со наставата во основните училишта.

Во последните 5 години во училиштето се реализирани следните инфраструктурни проекти: замена на старата кровна конструкција со нов кров, санација на санитарните јазли, варосување, шлајфување и лакирање на паркет, промена на оштетен ламинат, промена на врати по клонови, поставено ЛЕД осветлување, поставени камери, шкафови за наставници, за чување на инструменти и потребите на училишна библиотека.

Целосниот амбиент во училиштето во кој се одвива воспитно-образовниот процес е добар и делува стимулирачки и мотивирачки како на учениците така и на вработените.

Училиштето има јасен план и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонннаставните активности, со што се задоволени потребите на учениците.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Снабденоста на училиштето со наставните средства е многу добра, бидејќи училиштето располага со потребни инструменти и наставни помагала потребни за квалитетно изведување на наставата.

Утврдувањето на потребите од наставни средстава и помагала во училиштето се разгледуваат на Наставнички совети. На почетокот, како и во текот на целата учебна

година, се утврдуваат потребите од наставни средства, материјали за настава и други потреби. Набавките ги врши директорот на училиштето, според потребите и финансиски можности, а набавки на потрошен материјал се вршат континуирано.

Училиштето е опремено со:

- 5 кабинети за настава по пијано се опремени со по 1 пијанино, метроном, компјутер;
- 6 вежбални од кои 4 се опремени со пијанина;
- кабинетот по хармоника е опремен со 5 хармоники, компјутер, метроном;
- кабинетот по флејта е опремен со 9 флејти, компјутер, метроном;
- кабинетот по виолина е опремен со 15 виолини, компјутер, метроном.
- кабинетот по гитара е опремен со 7 гитари, компјутер, метроном;
- кабинетот по треадициски инструменти е опремен со 2 тапани, 3 тамбури, 4 кавали, компјутер, печатач, метроном, миксета, звучници, микрофони; во овој кабинет е сместена и архивата (до доуредување на простории во новиот дел од училиштето);
- 1 училница за групна настава е опремена со смарт табла, 1 пијанино, компјутер, метроном;
- 1 училница за групна настава е опремена со полуконцертно пијано, табла, компјутер, клавинова;
- 2-те канцеларии (директорска и наставничка) се опремени со 3 компјутери, 2 лап-топ, 1-фотокопир,1 печатач со скенер, 2 печатачи, 1 печатач во боја, 1-ТВ приемник, 2 електрични пијанина, и др.;
- за потребите на училиштето од страна на Општина Кочани е обезбено уште 1 полуконцертно пијано кое привремено е сместено во Мултикултурниот центар за да биде достапно за настапи на учениците, 1 контрабас, 2 виолончела.

Училишната библиотека располага со 852 книги ( 377 насови) за потребите на наставата по сите предмети. За чување на овие изданија е обезбеден простор пред канцелкариите на училиштето, кој е достапен на сите наставници. Во училиштето нена вработено стручен соработник библиотекар. Многу често наставниците користат светска нотна литература која е достапна на интернет и истата се печати за потребите на наставата. Во нашата држава нема многу изданија за музичка литература. Онаа малку издадена литература, училиштето ја има набавено.

Набавената литература ја користат само наставниците, кои на учениците им доставуваат копии, согласно програмата која ја изучуваат. Истата се води електорнски.

Потрошните материјали во училиштето се планират и навремено обезбедуват во потребното количество за реализација на наставните и вонаставните активности, согласно со планот на училиштето. Планирањата на потрошни материјали ги вршиНаставничкиот совет и директорот на училиштето.

Наставните материјали се користат оптимално и истите се достапни на сите наставници кои ја реализираат наставата, а следењето на ефективната и ефикасна употреба на наставните средства и материјали во училиштето се врши преку посета на часови. Секоја учебна година инструментариумот, како основно средство за работа во училиштето, се одржува (штимање на пијанина, набавка на жици, кобилици, чивии, штимери, гудала, столчиња, репарација на инструменти), и надополнува согласно потребите за поквалитетно реализирање на наставата.

### 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат 12-наставници (2 м-р, 10- ВСС). Од наставниот кадар 9 наставника се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови и 3 наставници на определено работно време со полн фонд на часови. Во училиштето сите наставници се соодветни согласно нормативот, освен еден наставник кој во моментот е замена за лицето кое врши раководна функција. Училиштето редовно распишува оглас и на истиот се нема пријавено соодветен наставник.

Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар. Сите наставници се Македонци според етничката припадност.

Вработените го почитуваат работното време и со својата работа придонесуваат за успехот на училиштето преку освојување голем број награди на државни и меѓународни натпревари.

Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници.

Освен директорот и наставниците во училиштето се вработени 1 економ-домаќин и 1 хигиеничар. Во училиштето нема педагошко -психолошка и административна служба. Сите активности ги спроведува директорот заедно со наставниот кадар. Книговодството и благајната ја води надворешно лице кое е вработено во друго училиште.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето се работи според Програма за усовршување и професионален развој на наставниците и таа е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Од разговорите со наставниците, евидентна е потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности.

Училиштето учествува во сите обуки организирани од страна на Министрествотo за образование и Биро за развој на образованието. Најчесто темите кои се опфатени со Вебинарите, не се соодветни за кадарот во основните музички училишта, а семинари за овој профил на кадар воопшто не се организираат.

Училиштето организира посета и на други семинари во организација на разни здруженија од областа на музиката, а и самото училиште, согласно потребите на наставниот кадар, организира предавања од еминентни професори од Музичките академии во државата.

Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинарие транспарентен и правичен. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот во текот на учебната година.

Наставникот - ментор уредно ги води портфолија за професионален развој на наставниците во училиштето.

### 6.5. Финансиско работење на училиштето

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е добро и е во рамките на надлежностите кои ги имаат директорот и Училишниот одбор. Училиштето има донесено финансиски план за 2023 година и План за јавни набавки за 2023 година. Јавните набавки ги врши овластено, сертифицирано, лице (надворешен соработник вработен во Општина Штип), со кој училиштето има склучено договро со физичко лице за реализација на јавните набавки и за нивните услуги се предвидени рамковни средства во планот за јавни набавки. Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано комисија за јавни набавки.

Училиштето добива финансиски средства од буџетот на РСМ, а остварува и сопствени приходи преку сметката за самофинансирање, по основ на школарина од учениците ( 3 000 денари по ученик за една наставна година).

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку годишниот финансиски извештај. Раководниот орган познава механизми за обезбедување на дополнителни финансиски средства по пат на донации и спонзорства.

# 7 Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

## 7.1. Управување/раководење со училиштето

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Сите членови на УО се со легитимен мандат. Претседател на УО, согласно новиот закон за основно образование е од редот на Советот на родители.

Училишниот одбор има сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури.

Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа, донесен на 30.10.2020 година, заведен со дел. бр. 02-316/2.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со дел. број 01-466/1 од 05.02.2020 година. Решението за давање на согласност на Статутот на училиштето од МОН со дел.бр.753 од 20.12.2019 година.

Состаноците на Училишниот одборсе добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат. Секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат Записници (записничар е член на УО во училиштето) и истите се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е многу добра.

Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.01-203/1 од 07.07.2023 година, со заклучок од општината дел.бр. 09-1577/1 од 31.08. 2023 година.

Директорот на училиштето е именуван со Решение на Градоначалникот на Општина Кочани за втор мандатсо дел.бр.08-1541/3 од 25.08.2023година.

Директорот на училиштето, како раководен орган,секогаш има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето (како во делот на набавка на наставни средства, така и во делот на инфраструктурата), дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето, добро ја организира и следи реализацијата на наставата и обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства.

Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето, знае да ја промовира добрата практика што постои во училиштето и е доволно критичен кон оние кои помалку придонесуваат за квалитетот на образовниот процес.

Директорот во своето работење се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, Програма за развој на училиштето, Тим за инклузија на училиштето и др.

Директорот на училиштето има јасна визија за тоа што се треба да се преземе и кои се приоритетите за побрзо напредување на целокупниот воспитно-образовен процес и за постигање на поголеми резултати. Во Програмата за развој на училиштето и во Годишната програма за работа за оваа учебна година, јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години.

Во периодот од последната интегрална евалуација до денес заменет е кровот на зградата на површина од 402 м$^2$ , заменети се прозорците и влезнитре врати, замена на старата кровна конструкција со нов кров, санација на санитарните јазли, варосување, шлајфување и лакирање на паркет, промена на оштетен ламинат, промена на врати по клонови, поставено ЛЕД осветлување, поставени камери, шкафови за наставници, за чување на инструменти и за училишна библиотека.

Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години, што е во согласност со одредбите на Законот за основно `образование.

Резултатите од Самоевалуацијата, детално се имплементираат во Програмата за развој на училиштето, сите цели се опфатени, а активностите и конкретните цели се поставени во конкретна рамка на време на реализација со единствена препорака - трендот на подобрување на целокупната работа да продолжи, без надолни осцилации.

Директорот ја организира и следи реализацијата на наставата и водењето на педагошката евиденција на наставниците. Директорот обезбедува финансиските средства, и секогаш наменскини транспарентно ги троши.

Покрај средствата од Министерство за образование и наука, училиштето обезбедува и дополнителни средства од школарина на учениците.

Училиштето обезбедува дополнителни средства од проекти со Локалната самоуправа, Бизнис секторот од општината и невладини организации.

Директорот учествува во работата на Наставнички Совет, соработува со родители, Градоначалникот и Совет на Општина како и со деловната заедница.

### 7.2. Цели и креирање на образовната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Наставниците се вклучени во разни тимови и во креирањето на училишната образовна политика.

Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители и на други начини).

Во училиштето се рализираат обуки и семинари за наставниците, а организирани од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието

Училиштето има изработено Самоевалуација со дел.бр.01-273/1 од 12.10.2022 година во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат. Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето со дел.бр. 01-113/1 од 26.04.2021 година.

Програмата и целите на развојната политика се прецизни, јасно отсликани и опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување.

Евидентно во Програмата за развој на училиштето е тоа што тежиштето на реализацијата на зацртаните развојни политики е подеднакво застапено по години.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот. Има систем за обезбедување на финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени.

Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и ги обезбедува во согласност со финансиските можности.

Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки.Училиштето има план за јавни набавки за 2023 година дел.бр. 05-10/1 од 20.01.2023 година.

За оваа година, како и во изминатите години, во планот за јавни набавкиима планирно финанасиски средства само за набавка на нафта за парното грење.

Училиштето има Програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници која составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата (училници наставни помагала), за сите ученици, без оглед на националната припадност.

Училиштето според потребите и можностите интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1. Силни страни

- Високи постигања на учениците и нивните ментори на натпреварите што се организираат на ниво на општина, на државно и на меѓународно ниво;
- Учеството на учениците и реализација на поголем број вонаставни активности;
- Сите наставници наставата ја реализираат со примена на интерактивни методи и сите ученици активно се вклучени во процесот на учење;
- Добри просторни услови за работа;
- Хигиената во училиштето е на многу добро ниво;
- Добра соработка на училиштето со родителите и локалната заедница;
- Многу добро раководење и посветеност на директорот за исполнување на обврските за успешна организација на наставата, стручна подршка и административно работење;
- Посветеност, транспарентност и иницијативност во работата на Училишниот одбор.

## 8.2. Слаби страни

- Во училиштето нема педагошко -психолошка служба;
- Училиштето учествува во обуки организирани од страна на Министреството за образование и Биро за развој на образованието, но најчесто темите кои се опфатени со Вебинарите, не се соодветни за кадарот во основните музички училишта, а семинари за овој профил на кадар воопшто не се организираат.

## 8.3. Препораки

- Училиштето да се обрати со барања до надлежните инситуции за работно ангажирање на стручен соработник;
- Училиштето да се обрати до надлежните институции, заради потребата од организирање на семинари, за стручно усовршување на наставниците од соодветниот профил.

| | |
|---|---|
| Сузана Секуловска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Елена Павлова, Инспектор | |
| Зоранчо Георгиев, Инспектор | |